МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН

за изменување и дополнување на Законот
за административните такси

Скопје, јули 2010 година

ВОВЕД:

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со Законот за административните такси е пропишано плаќање на административни такси за списите и дејствата во управните работи кај органите на државната управа, органите на општината, органите на општините во Градот Скопје и органите на Градот Скопје, како и за другите предмети и дејства кај органите на државната управа и другите државни органи и организации во Република Македонија, како и кај дипломатските и конзуларните претставништва на Република Македонија во странство. Административните такси се плаќаат според Тарифата за административните такси која е составен дел на законот.

Брзиот техничко-технолошкиот развој, модернизацијата на компјутерските и софтверските решенија, како и техничката подготвеност на органите на државната управа и Општините (Градот Скопје) доведоа до потреба за воведување на плаќање на сите административи такси и преку моблни оператори и преку интернет.

Имајќи го во предвид практичното работење на Управата за водење на матичните книги со законот се предлага дополнување на Тарифата на административните такси во делот на издавање на Уверенија и изводи кои ги издава Управата.

Со законот се предлага бришење на Тарифен број 39 поради тоа што со отпочнување со работа на Агенцијата за супервизија на осигурувањето, истата како независна институција има свој тарифник за наплата на такси. Исто така со законот се предлагаат измени во тарифниот број 21, и воведување на нов тарифен број кој се однесува на плаќање на административни такси за Решенија, потврди и дозволи кои ги издава Министерството за економија.

Од наведените причини, има потреба и се предлага изменување и дополнување на Законот за административните такси.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Основна цел на предложените изменувања и дополнувања на Законот за административните такси е воведување на можност од плаќање на сите административни такси кај органите на државната управа и Општините (Градот Скопје) и преку мобилни оператори или преку интернет. Исто така се воведуват нови тарифни броеви кои се однесуваат на плаќање на административна такса и за издавање на Уверенија и изводи кои ги издава Управата за водење на матични книги, како и Решенија, потврди и дозволи кои ги издава Министерство за економија.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлогот за изменување и дополнување на Законот за административните такси ќе предизвика позитивни фискални импликации во Буџетот на РМ.

IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведувањето на предложените изменувања и дополнувања не е потребно обезбедување на финансиски средства, ниту материјални обврски за одделни субјекти.

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
за изменување и дополнување на Законот
за административните такси

Член 1

Во Законот за административните такси ("Службен весник на Република Македонија", број 17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08 и 6/10), во членот 22-а ставот 2 се менува и гласи:

" Административните такси од став 1 на овој член се плаќаат во готови пари на соодветна уплатна сметка во рамките на трезорската сметка за општината, за општините во Градот Скопје и за Градот Скопје на чие подрачје е извршена наплатата, како и преку мобилни оператори или преку интернет.

По ставот 2 се додава нов став 3 кој гласи:

" За начинот на плаќање на административните такси преку мобилни оператори или преку интернет секоја општина, општините во Градот Скопје и Градот Скопје ќе склучи договор со мобилните оператори и со деловните банки. "

Член2

Членот 26 се менува и гласи:

" Кај органите на државната управа таксите се плаќаат во готови пари на соодветна уплатна сметка во рамките на трезорската сметка, или преку мобилни оператори или преку интернет.

Кај дипломатските и конзуларните претставништва на Република Македонија во странство таксите се плаќаат во готови пари.

За начинот на плаќање на административните такси преку мобилни оператори и преку интернет Министерството за финансии ќе склучи договор со мобилните оператори и со деловните банки."

Член 3

По членот 26 се додава нов член 26-а кој гласи:

“Член 26-а

Начинот на плаќање на административните такси во готови пари на сооодветна уплатна сметка во рамките на трезорска сметка, и начинот на плаќање на административните такси преку мобилни оператори или преку интернет ги пропишува Министерот за финансии во согласност со министерот за информатичко општество.“

Член 4

Во членовите 34 и 35 зборовите “ односи со странство “ се заменуваат со зборовите “ надворешни работи “.

Член 5

Во член 37, во Тарифата на административните такси во Тарифниот број 21 точка 2) се брише.

Точката 3) станува точка 2).

Во точка 4) која станува точка 3) зборовите “решение за безбедност“ се заменуваат со зборовите “ одобрение за сигурност“ .

Во точка 5) која станува точка 4) зборовите “решение за безбедност“ се заменуваат со зборовите “ сертификат за сигурност“ .

Тарифниот број 39 се брише.

По тарифниот број 153 се додаваат два нови Тарифни броја 154, 155 и 156 кои гласат:

“ Тарифен број 154

| | |
|---|---|
| За уверение за важење на пропис кое се издава заради употреба во странство | 1.000 |

Тарифен број 155

| | |
|---|---|
| За изводи од матичните книги на родени, венчани и умрени за во земјата и за во странство | 100 |
| За Уверенија од матичните книги со сите клаузули за во земјата и во странство | 50 |
| За сите видови на решенија од управните постапки на Управата за водење на матичните книги | 250 |
| За сите видови на барања за податоци од матичните книги за родени, венчани и умрени | 50“ |

Тарифен број 156

| | |
|---|---|
| За Решенија за овластување на правното лице за вршење на оцена на сообразност на производи | 2000 |
| За Решенија за исполнување на условите за вршење на техничките прегледи и периодични испитувања на техничка опрема | 2000 |
| За Решенија за овластување на техничка служба | 2000 |
| За Решенија за овластување на правното лице за технички преглед за вршење на идентификација и идентификација и оцена на техничката состојба на возилата | 2000 |
| За Потврди за положен стручен испит за вршење на работите во постапките за идентификација и идентификација и оцена на техничката состојба на возилата | 250 |
| Издавање на Дозвола на правно лице за одобрување на давање на потрошувачки кредит | 2000“ |

Член 6

Одредбите од член 1 и член 2 од овој закон, ќе отпочнат да се применуваат од 01. јануари 2011 година.

Член 7

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ
И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА АДМИНИСТРАТИВНИТЕ ТАКСИ

## I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ

Со законот се предлагаат дополнувања по однос на следново:

1. Министерството за информатичко општество врз основа на Информација за реализацијата на проектот за електронско плаќање на услугите кои ги даваат владините институции, а во согласност со другите државни институции предложи дополнување на законот во насока на воведување на можност за плаќање на административни такси преку интернет.

2.Имајќи го во предвид практичното работење на Управата за водење на матичните книги со законот се предлага дополнување на Тарифата на административните такси во делот на плаќање на административна такса за издавање на уверенија и изводи кои ги издава Управата.

3. Како последица на брзиот техничко-технолошкиот развој, модернизацијата на компјутерските и софтверските решенија, како и техничката подготвеност на органите на државната управа и Општините (Градот Скопје) се предлага воведување на плаќање на сите административи такси и преку мобилни оператори и преку интернет, односно од 1 јануари 2011 година плаќањето на административните такси нема да може да се извршува во таксени вредносници.

4. Министертсвото за финансии-Сектор за финансиски систем предложи бришење на Тарифен број 39 поради тоа што со започнување со работа на Агенцијата за супервизија на осигурувањето во ноември 2009 година, Министерството за финансии повеќе не врши надзор над работата на осигурителните друштва во Република Македонија.

5. Министерството за транспорт и врски предложи бришење на таксата под точка 2) од Тарифен број 21, како и терминолошки измени во истиот тарифен број.

6. Министерството за економија предложи воведување на нов тарифен број кој се однесува на плаќање на административни такси за Решенија, потврди и дозволи кои ги издава министерството, а кои се однесуваат на овластување на правно лице за вршење на оцена на сообразност на производи, овластување на техничка служба и др.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Со изменувањата и дополнувањата на Законот за административните такси се воведува можност за плаќање на административни такси и по електронски пат како и нови Тарифни броеви, кои решенија се меѓусебно поврзани со останатите законски одредби бидејќи се однесуваат за исти правни работи.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложените изменувања и дополнувања на Законот за административните се уредува висината и начинот наплаќање на на административната такса која се плаќа за списите и дејствата во управните работи кај органите на државната управа, органите на општината, органите на општините во Градот Скопје и органите на Градот Скопје.

ТЕКСТ
на одредби од Законот административните такси
кои се изменуваат и дополнуваат

**^len 22-a**

Administrativnite taksi koi se pla}aat za spisite i dejstvata kaj organite na op{tinata, organite na op{tinite vo Gradot Skopje i organite na Gradot Skopje se nivni prihod.

Administrativnite taksi od stav 1 na ovoj ~len se pla}aat na soodvetna uplatna smetka vo ramkite na trezorskata smetka za op{tinata, za op{tinite vo Gradot Skopje i za Gradot Skopje na ~ie podra~je e izvr{ena naplatata ili vo gotovi pari.

Член 26

Кај органите на државната управа таксите се плаќаат во таксени вредносници (административни таксени марки) во износ до 200 денари, а над овој износ се плаќаат во готови пари на соодветна уплатна сметка во рамките на трезорската сметка.

Плаќањето на таксите може да се врши и преку мобилни оператори за плаќањето на таксите во износ од 250 денари за издавање на патна исправа, возачка дозвола и лична карта.

Таксата за поднесоците кои се поднесуваат во електронски облик се плаќа во готови пари исклучиво на соодветна уплатна сметка во рамките на трезорската сметка.

Кај дипломатските и конзуларните претставништва на Република Македонија во странство таксите се плаќаат во готови пари.

За начинот на плаќање на административните такси преку мобилни оператори Министерството за финасии ќе склучи договор со мобилните оператори.

Се овластува министерот за финансии да донесе поблиски прописи за начинот на плаќање такса и за лепење и поништување на вредносници и за висината на таксите кои се плаќаат во готови пари.

**^len 34**

Kontrola nad primenata na odredbite na ovoj zakon kaj diplomatskite i konzularnite pretstavni{tva na Republika Makedonija vo stranstvo, vr{i Ministerstvoto za finansii vo dogovor so Ministerstvoto za odnosi so stranstvo.

**^len 35**

Se ovlastuva ministerot za odnosi so stranstvo vo dogovor so ministerot za finansii da mo`e da opredeli diplomatskite i konzularnite pretstavni{tva na Republika Makedonija vo stranstvo da gi naplatuvaat konzularnite taksi od dr`avjanite na oddelni zemji vo ist iznos vo koj tie dr`avi i nivnite pretstavni{tva gi naplatuvaat istite taksi od makedonskite dr`avjani, a vo isklu~itelni slu~ai koga e od op{t interes da otstapat od delot na taksenata tarifa koja se odnesuva na konzularnite taksi.

[illegible] **21**

| | |
|---|---|
| 1) [illegible] | 30.000 |
| 2) [illegible] | 18.000 |
| 3) [illegible] | 60.000 |
| 4) [illegible] | 60.000 |
| 5) [illegible] | 30.000 |

Тарифен број 39

| | |
|---|---|
| 1) Одобренија за основање и работа на друштво за осигурување | 3.000 |
| 2) Давање на согласности на акти на друштва за осигурување | 1.000 |
| 3) За давање согласност за измена на статут | 2.000 |
| 4) За давање согласност за стекнување на квалификуван удел во друштво за осигурување | 1.000 |
| 5) За давање согласност за членови за орган на управување | 1.000 |
| 6) За давање согласност за измена на називот на друштво за осигурување | 1.000 |
| 7) За давање согласност за отстапување на договорите за осигурување | 1.000 |
| 8) За добивање дозвола за воведување на нова класа на осигурување | 3.000 |
| 9) За добивање дозвола за пренос на осигурително портфолио | 3.000 |
| 10) За добивање дозвола за статусни измени на друштво за осигурување | 3.000 |
| 11) За добивање дозвола за отварање на филијала на странско друштво за осигурување во Република Македонија | 3.000 |
| 12) За добивање дозвола за отварање на филијала на друштво за осигурување во странство | 3.000 |
| 13) За добивање дозвола за склучување договор за пренос на значаен дел од своите активности на друго друштво за осигурување или друго правно лице | 3.000 |